CIVICA MOBILITAS

ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2026 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.26



Фото: Доброволното противпожарно друштво (ДПД) – Свети Николе

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS

ГЛАСОТ НА ГРАЃАНИТЕ ИМА ТЕЖИНА!

„Не е доволно механизмите само да постојат!“ Оваа порака можеше да се слушне на јавните дебати во Свети Николе, Делчево и Центар Жупа, каде што жените од градовите и селата отворено зборуваа за отсуството на навремени информации кога се одлучува во нивната општина. Но, тие не застанаа на поплаките. Ги посочија проблемите, ги споделија искуствата и понудија решенија. А во Центар Жупа покажаа и дека учеството носи резултати: решен е проблемот со питката вода во една населба, уредени се училишни и јавни простори.

Ова е суштината на граѓанското учество. Тоа не е еднократен чин, туку постојан процес на прашување, предлагање, следење и барање одговорност. И токму затоа во овој број на „Граѓаните за промена“ им посветуваме поголемо внимание на оние што секојдневно го градат тој процес – на здруженијата, локалните женски организации, младинските центри, мрежите и неформалните групи кои се мост меѓу граѓаните и институциите.

Повеќе од 500 жени и девојки од Штип, Виница и Делчево учествуваа во истражувања и консултации од кои произлегоа девет родово-буџетски иницијативи. Безбедни улици, осветлување, јавен превоз, грижа во заедницата – прашања што ретко стигнуваат до општинските буџети. Сега дел од нив веќе добиваат поддршка, а една иницијатива може да стане дел од буџетот на Општина Штип за 2027 година.

Средношколците од Тетово и Гостивар ги препознаа дивите депонии, загадените реки и недостигот од зеленило, но не останаа само на критиката. Предложија пет зелени решенија и покажаа дека младите не се само слушатели, туку луѓе со идеи кои можат да бидат почеток на локалните промени.

Граѓанските организации од Форумот за граѓански дијалог, пак, не се задоволија со ветувањата дадени по локалните избори. Тие следат шест општини дали ги исполнуваат обврските кон граѓаните, и јасно покажуваат дека напредокот се мери според тоа што навистина се менува во секојдневниот живот.

Во овој број пишуваме и за алатките без кои учеството нема полна смисла: проактивната транспарентност на институциите, која годинава благо се подобри, и функционалните локални инспекции, кои треба да обезбедат реакцијата на граѓаните да добие институционален одговор.

Сите овие приказни имаат нешто заедничко – истрајност. Промените ретко доаѓаат брзо и лесно. Понекогаш е потребна една дебата, понекогаш стотици разговори на терен, а понекогаш години упорно залагање. Но секој предлог доставен до општината, секое поставено прашање и секое следење на ветувањата го поместуваат односот меѓу граѓаните и институциите.

Затоа овие иницијативи заслужуваат признание. Тие покажуваат дека граѓаните не се рамнодушни кога имаат простор, информации и поддршка. Покажуваат и дека институциите можат да слушаат и да одговорат. Нашата заедничка задача е тој простор да го прошириме – да учествуваме, да поттикнуваме и другите да се вклучат и да не се откажуваме кога промената доцни.

Промените се можни. Ги прават луѓе кои веруваат дека нивниот глас има тежина.

Пријатно читање!

Гонце Јаковлеска
Национален координатор на
Цивика мобилитас за ИКО

Им благодариме на: Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, Здружение на еколозите „Натура“ – Струга, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Хуманитарното здружение „Мајка“ Куманово, Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН), Центарот за младински активизам „Крик“ (ЦМА „Крик“), ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Здружението за унапредување на родовата еднаквост „Акција Здруженска“, Националното здружение за дојдовен туризам во Македонија (НАИТМ), Центарот за климатски промени (ЦКП), Центар за еколошка демократија – Флоровзон, Центарот за управување со знаење (ЦУЗ), Здружението за заштита на работничите права „Гласен текситлец“, Доброволното противпожарно друштво (ДПД) – Свети Николе, Здружението на новинарите (ЗНМ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Здружението Конект, „Хартефакт“, НВО Инфоцентарот (НВО-ИЦ), Здружението за меѓународна младинска соработка „Интерактив” – Битола, Сојузот на граѓански здруженија „Мрежа за рурален развој на Република Македонија“ – „МРР на РМ“ за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број. ***Фото архива:*** Цивика мобилитас, ЗНМ, ХЕРА, ИДСЦС, Натура“ – Струга, НВО Инфоцентар, ХЗ „Мајка“ , ОЖОСВН, ЦГК, НАИТМ, ЦКП, Флоровзон, Вечер Прес, „ДПД Свети Николе, „Интерактив“ - Битола, „МРР на РМ“, „Гласен текстилец“, Конект, , Хартефакт фонд, Одделение за соработка со невладини организации.



ТЕМА

ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Од потребите на жените до предлози за општинските буџети



Повеќе од 500 жени и девојки од Штип, Виница и Делчево учествуваа во препознавањето на локалните проблеми и предлагањето девет родово-буџетски иницијативи. Дел од нив веќе добиваат институционална поддршка, а за една се разгледува можноста да биде вклучена во буџетот на Општина Штип за 2027 година.

Безбедноста на улиците, пристапноста, јавниот превоз, уличното осветлување и грижата во заедницата се дел од прашањата што директно влијаат врз секојдневието на жените. Но, колку често нивните потреби се земаат предвид кога општините ги планираат приоритетите и ги распределуваат јавните средства? Со овие прашања се занимаваше проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“, кој ги вклучи жените и девојките во процесите на локално планирање и одлучување.

Преку проектот, 545 жени и девојки од Штип, Виница и Делчево учествуваа во теренско истражување и консултации преку кои беа документирани нивните потреби и приоритети. Врз основа на добиените сознанија беа развиени девет родово-буџетски иницијативи, по три за секоја општина, кои беа презентирани и доставени до локалните самоуправи.

Процесот вклучи и поширока заедница. Преку отворени денови, работилници и активности за застапување беа опфатени повеќе од 400 граѓанки и граѓани, а на трите локални граѓански форуми учествуваа 114 лица, од кои 91 жена. Преку средбите граѓанките директно ги споделија своите искуства, ги образложија проблемите и предложија промени што би го подобриле животот во нивните општини.

Иницијативите опфатија различни прашања, од безбедноста и пристапноста до јавниот превоз и осветлувањето, но и родово базираното и семејното насилство, грижата во заедницата и јавната безбедност. Освен да ги посочат проблемите, целта беше да понудат конкретни предлози што локалните власти би можеле да ги земат предвид при планирањето и распределбата на општинските средства.

Важен чекор во овој процес беше воспоставувањето директен дијалог со локалните институции. На завршниот настан „Гласот на жените во општинскиот буџет“, одржан на 22 септември 2026 година во Виница, граѓанските организации и граѓаните разговараа со претставници на општините Штип и Виница и на Центарот за развој на Источниот плански регион за можностите предложените иницијативи да добијат конкретен институционален одговор.

Претставничката на општина Штип, Сунчица Ѓуфтевска, информираше дека општината ги поддржала трите иницијативи поднесени од ЕХО и дека дел од предложените мерки веќе се реализираат. За една од иницијативите се разгледува можноста да биде вклучена во буџетот на општината за 2027 година. Во Виница, пак, беше отворено прашањето за побезбедно движење низ градот, при што од општината беше посочено дека сообраќајниот план е во завршна фаза и дека се предвидени мерки за ограничување на брзината и подобрување на сообраќајната сигнализација.

На регионално ниво, разговараа за потребата од заеднички решенија за грижата за старите лица и проблемот со бездомните животни, кои бараат координација и соработка меѓу повеќе општини.

Иницијативата ја спроведуваат здружението „Гласен текстилец“ од Штип, ЕХО Едукативно-хуманитарна организација од Штип и Иницијатива на невработени интелектуалци (ИНИ) од Виница, со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Жените од Свети Николе, Делчево и Центар Жупа сакаат да бидат дел од одлуките во својата заедница



Како жената од село навреме да дознае што се одлучува во нејзината општина и како нејзиниот предлог да стигне до оние што одлучуваат? Околу ова прашање во септември се разговараше на три јавни дебати, во Свети Николе, Делчево и Центар Жупа.

Дебатите „Женско лидерство како огледало на заедницата“ ги организираше Хуманитарното здружение Мајка Куманово, преку проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“. Во Делчево настанот се одржа во соработка со организацијата „Жена“, а во Центар Жупа со женскиот огранок на „Радика“. Во Свети Николе наодите од теренот ги презентираше Граѓанската иницијатива на жени (ГИЖ). Во разговорот се вклучија жени од градовите и од селата, претставници на општините и на граѓанскиот сектор.

Проектот вклучува осум вакви настани за периодот од септември до ноември 2026 година, во Куманово, Свети Николе, Делчево, Центар Жупа, Прилеп, Струмица, Демир Капија и Радовиш, што „Мајка“ и партнерите ги организираат во соработка со осум локални организации.

Локалните женски организации го донесоа гласот на жените од терен. Здружението „Радика“ спроведе истражување меѓу 300 жени од шест локации, кое покажа дека економското јакнење е меѓу нивните најголеми приоритети, особено обуките, развојот на вештини и подобриот пласман на производите. Организација „Жена“ од Делчево ги претстави потребите на жените од локалните заедници, а ГИЖ Свети Николе ги изнесе наодите за женското граѓанско учество во Свети Николе и во руралните средини околу него.

Во трите заедници се слушнаа слични искуства. Механизмите за граѓанско учество, како јавните расправи, консултациите и месните заедници, постојат, но жените често не дознаваат навреме за нив. На многумина од нив не им е познато како нивното барање или предлог ќе стигне до институциите. Во Делчево беше истакнато и дека граѓанското учество не смее да се сведува само на информирање, туку граѓаните треба да придонесуваат во дефинирањето на проблемите и во предлагањето решенија. Кај постарите жени, веб-страниците не се вистинскиот канал за информирање. Поефикасни се директните средби, локалните групи на Viber и WhatsApp и известувањата поставени на фреквентни места во селото.

Искуствата од теренот покажуваат дека учеството носи резултати. Во Центар Жупа беше решен проблемот со питката вода во една населба и се уредија училишни и јавни простори. Жените посочија и проблеми што сè уште чекаат решение, како собирањето отпад во Тикварци и неактивната месна заедница во селото Новак во Центар Жупа. Од локалната самоуправа во Центар Жупа порачаа дека предлозите на граѓаните се разгледуваат според финансиските можности, а седниците на Советот се отворени за сите.

Дебатите покажаа дека не е доволно механизмите само да постојат. Потребни се редовни средби на терен, навремени информации, одговор на секоја поднесена иницијатива и форми на учество приспособени на жените од селата. Исто така, потребна е посилна соработка меѓу институциите и локалните женски организации, кои веќе се врска меѓу жените и општините. Жените од руралните средини ги препознаваат проблемите, се организираат и предлагаат решенија. Следниот чекор е нивниот глас да биде дел од локалните процеси постојано, во секоја фаза, вклучително и при спроведувањето на решенијата.

Јавните дебати се дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Акција Здруженска и Хуманитарното здружение „Мајка“ Куманово.

Девојки во Свети Николе градат вештини за локални промени

Преку едукација, менторство, меѓусебна поддршка и застапување, Организацијата на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН) создава можности жените и девојките поактивно да се вклучат во животот на заедницата и во иницирањето промени.

Активното учество во заедницата започнува со можноста секој да го препознае сопствениот потенцијал, да го изрази својот став и да добие простор да влијае врз прашањата што го засегаат. Преку зајакнување на жените и девојките, развивање на нивните вештини и создавање мрежи на поддршка, ОЖОСВН работи на поттикнување поголемо граѓанско учество и лидерство на локално ниво.

Еден од примерите е проектот „Не чекаме промени – ги создаваме“, кој се спроведува со финансиска поддршка од Акција Здруженска преку Германскиот женски фонд German (Women's Fund filia die frauenstiftung filia). Од 24 до 26 август, во Охрид се одржа дводневна интерак-

тивна обука за девојки од Свети Николе на возраст од 15 до 18 години. Преку практични вежби и дискусии, учесничките работеа на личниот развој, самодовербата, препознавањето на родовите стереотипи, поставувањето лични граници и асертивната комуникација. Целта е стекнатите знаења и вештини да им помогнат послободно да ги изразуваат своите ставови, да препознаваат предизвици во средината во која живеат и да иницираат промени.

Покрај работата со младите, организацијата обезбедува бесплатна поддршка и за жените кои се соочуваат со правни, психолошки и социјални предизвици. Во периодот јули до септември, преку Канцеларијата за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка биле обезбедени 52 правни совети, од кои 85 % за жени, како и 19 психолошки советувања за 10 корисници (од кои еден маж). Услугите им овозможија на жените полесно да се информираат за своите права, да добијат стручна поддршка и да преземат чекори за надминување на проблемите со кои се соочуваат.

Важен дел од дејствувањето е и градењето солидарност и поддршка меѓу жените. Преку групата за самопомош се организираат едукативни работилници и разговори за различни теми поврзани со физичкото и психолошкото здравје. Во септември, во соработка со здружението „Марија - провери се“ и Медикус Хелп, на 20 оперирани жени од рак на дојка им беа донирани специјални помагала/градници. Организацијата, исто така, обезбедува бесплатни перики и турбани за жени кои се лекуваат или се лекувале од малигни заболувања, како и психолошка поддршка за нив и нивните семејства.



Поттикнувањето на учеството и инклузијата се одразува и преку поврзувањето со други граѓански организации. ОЖОСВН потпиша Меморандум за соработка со Здружението за лица со церебрална парализа, насочен кон унапредување на социјалната инклузија, еднаквите можности и поголемото учество на лицата со попреченост и другите ранливи групи во општествениот живот.

Преку овие активности, организацијата го поврзува индивидуалното зајакнување со поширокото учество во заедницата. Развивањето лидерски вештини кај младите, поддршката на жените во остварувањето на нивните права и соработката со други организации создаваат можности за поголема вклученост, солидарност и заедничко дејствување. Промените во локалната заедница се градат и преку вакви иницијативи, во кои жените и девојките не се само корисници на поддршка, туку активни чинители во обликувањето на општеството.

Активната транспарентност на институциите благо се подобри и во 2026 година

По повод Меѓународниот ден на универзалниот пристап до информации, 28 септември 2026 година, Центарот за граѓански комуникации го објави редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер. Во рангирањето се вклучени 102 институции, Владата и сите министерства и општини.

Просечната активна транспарентност на министерствата, Владата и општините во 2026 година изнесува 82 %, што е два процентни поени повеќе отколку лани, кога беше 80 %.

Активна транспарентност значи институциите да објавуваат информации на своја иницијатива, без некој претходно да побарал пристап до нив. Таквите информации им се потребни на граѓаните за да ги знаат своите права, да пристапат до јавните услуги, да учествуваат во донесувањето одлуки и да бараат одговорност од властите.

Министерствата и Владата имаат активна транспарентност од 86 %, наспроти ланските 84 %, со што се вратија на нивото од 2023 и 2024 година. Општините се подобрија за исто толку поени и сега се на 81 %, наместо на ланските 79 %. Наспроти просечното подобрување, 41 % од опфатените институции објавиле помалку информации отколку лани.

Најголемата промена на врвот на ранг-листата е кај Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Тоа е единственото министерство со максимални 100 % и се искачи од дваесеттото место лани, со скок од 34,8 процентни поени. Министерството за одбрана, кое пет години по ред беше на врвот на листата, годинава падна на петтата позиција со 93,2 %. Министерството



за дигитална трансформација и Владата делат второ место со по 97,6 %.

Кај општините, водечката позиција ја делат Градско, Демир Хисар, Зрновци и Штип со 100 %. Ниту една од општините што лани беа лидери не ја задржа својата позиција. Најголем напредок направи Демир Капија со 37,7 поени, а најголем пад има Маврово и Ростуше со 24,7 поени. На дното на листата и годинава е општина Лозово со 36,9 %, единствената институција рангирана во групата со слаба активна транспарентност.

Меѓу регионите, Источниот е прв - четврта година по ред. Со 91 % тој е првиот регион што ја достигна и надмина границата од 90 %. Најниско рангиран остана Полошкиот Регион со 68 %, три поени помалку отколку лани.

Најмалку се објавуваат информации за финансиите. Министерствата во оваа област исполнуваат 71 % од обврските, а општините само 64 %. Најдобро стојат информациите за пристап до информации од јавен карактер, каде што министерствата се на 97 %, а општините на 90 %.

Институциите беа тестирани и со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, испратено на сите во ист ден и со исто прашање. Во просек одговорија за 18 дена, три дена побрзо отколку лани. Сепак, 32 % од институциите го доставија одговорот по истекот на законскиот рок од 20 дена или воопшто не одговорија, а шест од нив не одговорија никако.

Повеќе за резултатите и за методологијата можете да прочитате во целосниот **Индекс на активна транспарентност 2026.**

Поефикасните локални инспекции се дел од одговорноста на граѓаните



Јасни надлежности, стручни инспектори и функционални механизми за контрола се предуслов за заштита на јавниот интерес во општините.

Кога граѓаните реагираат на бесправно градење, загадување на животната средина, комунални проблеми или непочитување на локалните прописи, очекуваат надлежните институции да постапат и да обезбедат заштита на јавниот интерес. Но, за нивните реакции да добијат институционален одговор, неопходни се функционални локални инспекциски служби, со јасно утврдени надлежности и механизми за отчетност и контрола.

Ова прашање го отвора **„Анализата на правната рамка за локален инспекциски надзо**р“, изработена од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, преку проектот „Локалните инспектори под лупа: Унапредување на законитоста и одговорноста на локалната инспекција“, што го спроведува Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), во партнерство со ИСППИ.

Анализата покажува дека иако постојната правна рамка воспоставува основа за функционирање на локалниот инспекциски надзор, постојат неусогласености и недоволно разработени механизми за контрола во различни области од надлежностите на општините.

Во најголем дел од секторските закони, надзорот над законитоста на работењето на општините е уреден општо, без доволно прецизно дефинирани постапки, инструменти и рокови. Поинаков пристап е предвиден во областа на животната средина, каде што има посебна комисија за контрола на работата на локалните инспекциски служби. Таа проверува дали општините ги обезбедиле потребните инспекциски капацитети, дали ги спроведуваат законските обврски и дали постапуваат согласно утврдените правила. Може да утврди недостатоци, да препорача мерки за нивно отстранување и да го следи нивното спроведување.

Овој модел, според анализата, претставува добра основа за воспоставување посистематска контрола и во другите области од локалната самоуправа. На тој начин би се намалил просторот за неефикасно постапување и би

се зајакнала одговорноста на институциите што треба да обезбедат доследна примена на законите.

Истражувањето сугерира законски да се утврди минимален број и вид локални инспекциски служби што би требало да ги има секоја општина. Како приоритетни се издвојуваат инспекциите во областа на градежништвото, комуналните дејности, образованието, животната средина, транспортот и заштитата и спасувањето. Со Анализата се предлага финансирањето и кадровското екипирање приоритетно да биде на товар на државата, со што би се обезбедил основен стандард на инспекциски надзор независно од капацитетите на поединечните општини.

Меѓу другите препораки е воспоставување единствен систем за инспекциски надзор, во кој би се поврзале годишните програми, месечните планови и извештаите за извршените контроли. Дигитализацијата на овие податоци би овозможила подобра координација меѓу државните и локалните инспекции, полесно откривање на областите што остануваат недоволно контролирани и навремено постапување во случаи на зголемен ризик. Анализата ја нагласува и потребата од појасна соработка и размена на информации меѓу различните инспекциски служби, како и од дополнителни стандардизирани обуки и професионално усовршување на инспекторите.

За граѓаните, функционалниот инспекциски надзор значи повеќе од доследно спроведување на законите. Тој е еден од начините преку кои се штити јавниот интерес и се обезбедува локалната власт да биде одговорна за состојбите во заедницата. Граѓанското учество не завршува со препознавањето и пријавувањето на проблемите. Потребни се институции што ќе ги слушнат реакциите, ќе постапат по нив и ќе овозможат јавноста да ја следи нивната работа.

Анализата се однесува на правната рамка, а не на нејзиното спроведување во практиката. Затоа, за да се добие целосна слика за функционалноста на локалните инспекции, потребно е дополнително да се испита и примената на законските решенија. Тоа е важен чекор кон создавање поодговорни локални институции, во кои заштитата на јавниот интерес не е само законска обврска, туку и секојдневна практика.

Граѓанските приоритети во шест општини под лупа

Првиот **периодичен извештај** на НВО Инфоцентарот и Форумот за граѓански дијалог следи како шест општини ги исполнуваат обврските преземени кон граѓаните. Иако има напредок во повеќе области, дел од клучните локални проблеми сè уште чекаат решение.

Граѓанското учество не завршува со препознавањето на проблемите и предлагањето решенија. Подеднакво важно е да се следи дали локалните власти ги исполнуваат преземените обврски. НВО Инфоцентарот и Форумот за граѓански дијалог, во првата половина на 2026 година, спроведоа мониторинг на реализација на граѓанските приоритети во Струга, Крива Паланка, Штип, Демир Хисар, Крушево и Свети Николе.

Првиот периодичен извештај за 2026 година ја анализира реализацијата на обврските што шесте општини ги презеле со меморандумите потпишани со граѓанските организации по локалните избори во 2025 година.

Наодите покажуваат дека во повеќето општини се започнати активности, особено во областа на инфраструктурата, дигитализацијата и комуналните услуги. Во Струга се подобрува уличното осветлување и се реконструира водоводната мрежа, во Крива Паланка има придвижување кај водоснабдувањето и колекторскиот систем, додека Демир Хисар бележи напредок во дигитализацијата на општинските услуги. Сепак, проблемите со отпадот, водоснабдувањето, урбанистичкиот развој и сообраќајот остануваат предизвик во повеќе општини.

Особено е забележлива разликата меѓу активностите за кои известуваат општините и перцепцијата на граѓаните за постигнатите резултати. Во Свети Николе, на пример, граѓаните и понатаму ги издвојуваат замената на азбестните водоводни цевки, решавањето на проблемот со депонијата, недостигот од паркинг и сообраќајната безбедност како приоритети за кои не гледаат доволен напредок.

Извештајот укажува и на потребата од поголема транспарентност, навремено информирање и посуштинско вклучување на граѓаните во локалното одлучување. За да имаат вистински ефект, преземените обврски треба да бидат проследени со јасни рокови, видливи резултати и континуирана комуникација со заедницата.

Мониторингот покажува дека напредокот не се мери само според бројот на започнати проекти, туку и според тоа дали тие носат конкретни промени во секојдневниот живот на граѓаните. Следењето на реализацијата на приоритетите е важен дел од граѓанското учество и механизмите преку кои граѓаните бараат отчетност од локалните власти. Наодите се засноваат на разговори со претставници на локалните самоуправи, консултации со граѓани и увид во релевантни документи и информации

Мониторингот се спроведува во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар „Улоф Палме“ од Шведска.

Форумот за граѓански дијалог (ФГД) е мрежа на граѓански организации координирана од НВО Инфоцентар. Активни членки на мрежата се: Гласен Текстилец – Штип, Младински културен центар – Битола, РЦС Спектар – Крива Паланка, Граѓанска иницијатива на жени – Свети Николе и Центарот на заедницата на општина Струга.

„Не ни ја коцкајте иднината!“



По повод Меѓународниот ден на младите, ХЕРА Млади, заедно со иницијативата „**Фрли ја коцката!**“, организираа герила акција во Скопје преку која го изразија својот револт од сè поголемата присутност и нормализација на коцкањето и обложувањето во секојдневието на младите. Со пораката „Не ни ја коцкајте иднината!“, тие го насочија вниманието кон потребата од поголема заштита на младите од ризиците поврзани со игрите на среќа.

Акцијата отвори прашање за средината во која растат младите, опкружени со казина, обложувалници, онлајн платформи и реклами што ветуваат брза добивка. Според националното истражување ЕСПАД 2024, секој четврти ученик на возраст од 15 до 16 години во Северна Македонија се коцкал за пари во последните 12 месеци. Податоците дополнително ја нагласуваат потребата од посериозен пристап кон проблемот и неговите последици врз младите.

Преку оваа јавна акција, ХЕРА Млади и иницијативата „Фрли ја коцката!“ побараа доследна контрола на објектите за игри на среќа во близина на училиштата, ограничување на рекламирањето, особено на интернет и социјалните мрежи, и поефикасна заштита на малолетниците од онлајн коцкање. Меѓу нивните барања се и поголемо внимание на финансиската писменост и превенцијата од зависности во образованието, како и достапна поддршка за младите кои се соочуваат со проблематично коцкање.

Со герила акцијата, младите го искористија јавниот простор за да испратат порака за проблем што директно ги засега и да побараат промени. Наместо коцкањето да се нормализира како пат до подобра финансиска иднина, нивната порака е дека на младите им се потребни вистински можности за образование, работа, култура и спорт.

Младите од Тетово и Гостивар предлагаат зелени решенија за проблемите во Полошкиот Регион

Еколошките проблеми во локалната средина често се видливи во секојдневието, но нивното решавање бара повеќе од препознавање на проблемот. Потребни се идеи, соработка и активно вклучување на граѓаните. Од ова тргнува иницијативата „Препознај го проблемот, создади решение и преземи иницијатива за почиста локална средина“, преку која 24 средношколци од Тетово и Гостивар предложија решенија за предизвиците во Полошкиот регион.

На интерактивна онлајн работилница учествуваа средношколците на возраст од 15 до 18 години. Работејќи во пет тимови, тие ги разгледуваа еколошките проблеми во своите заедници и ги издвојуваа оние што најмногу влијаат врз квалитетот на животот. Меѓу нив се дивите депонии, загадувањето на реките, индустриското загадување, недостигот од зелени површини и несоодветното управување со отпадот.

Од идентификувањето на проблемите произлегоа пет зелени младински решенија, оценувани од мултидисциплинарна комисија составена од социјален работник и еколошки правник. Победничката идеја понуди низа креативни начини за поттикнување на еколошката свест и активизмот кај младите: „Тајни зелени мисии“, изработка на „seed bombs“, младински еко-подкаст, едукативна игра „Спаси го градот“, зелени клупи од рециклирани материјали, „Ѕид на зелени идеи“ во училиштата и живи мурали што ја поврзуваат уметноста со природата.

Преку ваквиот пристап, младите не беа само слушатели на едукативна содржина, туку активни учесници во препознавањето на проблемите и осмислувањето можни решенија. Иницијативата покажа дека нивните идеи можат да бидат почетна точка за локални промени, особено кога им се дава простор да соработуваат, да предлагаат и да преземаат иницијатива.

Зад иницијативата стојат и принципите на зелената социјална работа, која ги поврзува благосостојбата на луѓето и заштитата на животната средина.

„Зелените промени започнуваат со знаење, соработка и младинска иницијатива – а токму тие се темелите на зелената младинска и зелената социјална работа. Кога младите создаваат зелени решенија, придобивките ги чувствуваат и луѓето и природата“, велат од ЦМА „КРИК“.

Иницијативата е дел од проектот „333 – Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, во партнерство со Центарот за младински активизам „КРИК“, Центарот за социјални иницијативи „Надеж“ и Здружението на социјални работници на Македонија.

Поврзувањето на локалните производители и туристичкиот сектор отвора нови можности за руралните заедници



Поддршката на Швајцарската програма ИМЕ за развој на агротуризмот поттикнува поврзување на стручните знаења од земјоделството, искуството во развојот на одржливи бизниси и експертизата на туристичкиот сектор, со цел локалните производи, традиции и знаења да станат дел од туристичката понуда.

Развојот на руралните средини не зависи само од потенцијалот на локалните производители, туку и од можностите тие да се поврзат со други сектори, да ги промовираат своите производи и да учествуваат во создавањето нови економски можности. Затоа, Националната асоцијација за дојдовен туризам на Македонија (НАИТМ), Швајцарската програма за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ) и Земјоделскиот институт – Скопје во јули годинава потпишаа Меморандум за соработка за подобрување, поддршка и развој на агротуризмот во земјава.

Соработката треба да овозможи заедничко делување и поврзување на знаењата и искуствата на земјоделските производители, руралните домаќинства и локалните бизниси во туристичката понуда. Преку ваквиот пристап, земјоделските производи, традиционалните начини на производство, локалната гастрономија и автентичните приказни од руралните средини можат да се развиваат во препознатливи туристички искуства.

За локалните производители, ова отвора можност за поширок пласман на производите, дополнителни извори на приходи и директно поврзување со домашните и странските посетители. Истовремено, туристичкиот сектор добива можност да понуди содржини што ги претставуваат локалните вредности, традицијата и специфичностите на различните региони.

НАИТМ во изминатиот период работи на поврзување на локалните бизниси со домашни и странски туроператори и на вклучување на руралните средини во организираната туристичка понуда. Со новото партнерство, овие активности добиваат дополнителна стручна поддршка од Земјоделскиот институт и развојна поддршка од Швајцарската програма ИМЕ. Посебно внимание ќе се посвети на квалитетот и видливоста на локалните производи и домаќинства, како и на развојот на нови агротуристички производи што можат да одговорат на потребите на туристичкиот пазар.

Партнерството на трите организации отвораат простор за долгорочно и координирано делување за развој на агротуризмот во Македонија. Здружувањето на знаењата, ресурсите и искуствата на производителите, бизнисите, стручните организации и институциите создаваат можности за поквалитетна и поразновидна туристичка понуда, која ќе ги истакне локалните вредности и ќе придонесе кон одржлив економски развој на руралните средини во земјата.

Граѓански ангажман

200 домаќинства во Куманово започнаа со селектирање пластика и лименки

Во септември, 200 домаќинства во кумановската населба Зелен Рид добија бесплатни канти за селектирање пластика и лименки, со што општина Куманово, со поддршка на Центарот за климатски промени (ЦКП), започна со воспоставување систем за примарна селекција на овие видови отпад.

Примарната селекција значи отпадот да се одвојува уште во домаќинствата, наместо пластиката и лименките да се мешаат со останатиот комунален отпад и да завршуваат на депонија. На овој начин се овозможува полесно собирање и рециклирање на пластиката и лименките, се намалува количината отпад што завршува на депониите и се поттикнува поодговорно користење на ресурсите.

Собраните материјали ги презема компанијата за рециклирање и преработка на пластика, „УНО продукт“ на секои две недели и ги рециклира, со што се воспоставува процес што ги поврзува селектирањето, собирањето и рециклирањето на отпадот.

Од Центарот за климатски промени посочуваат дека првите 200 домаќинства се почетна фаза во воспоставувањето систем што создава услови за подобро управување со отпадот и поголемо рециклирање на локално ниво. Притоа, нагласуваат дека активното учество на граѓаните е клучно за успешно функционирање на системот, поради што домаќинствата се повикани правилно да ги селектираат отпадните материјали и да се придржуваат до дадените упатства.

Со оваа иницијатива, граѓаните добиваат можност непосредно да придонесат кон почиста животна средина, а воспоставениот систем претставува чекор кон примена на принципите на циркуларната економија и спроведување на Зелената агенда за Западен Балкан на локално ниво.

Активноста е дел од проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелената агенда за Западен Балкан на локално ниво“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.





Активистите ја бранат Дошница



Реката Дошница, на планината Кожуф, со години е во фокусот на борбата на локалните жители и еколошките активисти од Гевгелија, Кавадарци и Демир Капија. Нивното противење на изградбата на двете планирани мини хидроцентрали, „Баров Дол“ и „Папрад“, прерасна во организирана граѓанска иницијатива за зачувување на реката и природното богатство на ова подрачје.

Активистите предупредуваат дека зафаќањето и пренасочувањето на водата низ цевководи би го нарушило природниот тек на Дошница, оставајќи делови од речното корито речиси без вода. Според нив, малите електрани ја втеруваат реката во цевки долги по неколку километри, го уништуваат биодиверзитетот и ја менуваат микроклимата, а при градбата, за да се направат пристапни патишта за тешка механизација, се сечат и околните шуми. Загриженоста за последиците, особено за автохтоните видови риби и речни ракови, ги поттикнала жителите и активистите да се организираат и да не дозволат одлуките за иднината на реката да поминат без реакција од локалната заедница.

Нивниот отпор не останал само на јавни апели. Кога се појавила опасност тешката механизација да пристигне до локациите предвидени за изградба, активистите организирале блокади на пристапните патишта и поставувале „жив штит“ за да го спречат нејзиниот пристап. Со постојано присуство на терен, следење на случувањата и мобилизирање поддршка, тие со години ја одржуваат иницијативата активна. Во мај 2026 година, по информациите дека механизацијата повторно би можела да биде донесена на локациите, овојпат со приватно обезбедување, активистите повторно ги активираа блокадите на планината Кожуф.

„На македонските власти им е јасно дека нема да отстапиме. Тоа им го докажуваме веќе десетина години. Ние се документираме, имаме и видеа. Последното е од првата недела во јуни, кога треба да има најмногу вода во Дошница“, вели активистката Марина Томова од „Чејнџмејкерс“. Според неа, „очигледно се работи за субвенции што ние ќе мора да ги плаќаме преку сметките за струја следните 20 години.“

Паралелно со граѓанскиот отпор, случајот отвори и прашања за законитоста на градежните активности. При вонредните инспекциски надзори биле утврдени неправилности, меѓу кои сечење дрвја во близина на речното корито и бреговите без потребната дозвола од Министерството за животна средина, како и отстапување од одобрениот проект во однос на трасата на цевководот. Инспекторатот издал забрана за понатамошно сечење дрвја додека не се обезбеди потребната документација. Според Томова, елаборатот на концесионерот не бил соодветно направен, но дозволата за градба му е продолжена. „Има криминал и кривично дело тука - исечени се дрва во речното корито, речното корито е изместено. Елаборатот е направен нестручно, и на таков начин што се избегнуваат обврските да се заштити природата“, вели таа. Сепак, активистите и понатаму стравуваат дека проектите може да продолжат.

Затоа, нивните барања не се однесуваат само на запирање на конкретните градежни зафати. Тие бараат мораториум на изградбата сè додека не се изработи независна научна студија за влијанието на хидроцентралите врз природата, како и соодветна заштита на Кожуф и сливот на Дошница.

Преку здружување, теренски акции и притисок врз институциите, граѓаните покажуваат дека заштитата на природата не е само прашање на стручни анализи и институционални одлуки, туку и на активно учество на заедницата. Борбата за Дошница е пример за истрајноста на граѓаните во одбраната на јавниот интерес, но и потсетник дека одлуките што влијаат врз животната средина треба да се носат транспарентно, врз основа на научни сознанија и со учество на луѓето што живеат во тие подрачја.

Текстот е преработен врз основа на објава на Здружението на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија.



Околу 700 килограми отпад отстранети од Сатеска, но потребно е трајно решение



На 26 јули, Сојузот на еколози „Натура“ од Струга, заедно со своите членови и волонтери, организираше акција за чистење на местото каде што реката Сатеска се влева во Охридското Езеро. Акцијата повторно го отвори прашањето за загадувањето на езерото и потребата од системски мерки за заштита.

За само неколку часа, вклучените во акцијата собраа околу 700 килограми пластичен отпад и друго ѓубре, што за Сојузот е „јасен доказ за сериозното загадување што Сатеска продолжува да го носи во Охридското Езеро, едно од највредните природни богатства во Европа“.

Од „Натура“ посочуваат дека акциите за чистење не се доволни за трајно решавање на проблемот. Затоа, претставниците на здружението ќе бараат поддршка од локалните и државните институции, локалната власт и меѓународните организации за враќање на Сатеска во нејзиното првобитно корито, што го издвојува како едно од клучните долгорочни решенија за заштита на Охридското Езеро.

Покрај оваа иницијатива, здружението најави и нови акции за чистење на дивите депонии над изворите од кои со вода за пиење се снабдуваат Струга и околните населени места. Со тоа, ангажманот на волонтерите и граѓаните се проширува и кон заштитата на водните ресурси и јавното здравје.

Од „Натура“ му се заблагодарија на ЈП „Комунално“ Струга за транспортот и соодветното отстранување на собраниот отпад, како и на сите што се вклучија во акцијата.

Иницијативата покажа како граѓанскиот ангажман може да придонесе за заштита на природата, но и да го привлече вниманието кон потребата од институционална поддршка и одржливи решенија.

Паметна канта ги потсетува битолчани на грижата за животната средина

Здружението за меѓународна младинска соработка „Интерактив“ од Битола организираше герила акција на градското шеталиште на 31 јули 2026 година, поставувајќи „паметна канта“ за отпадоци што зборува со минувачите. Преку интерактивна комуникација, акцијата ги поттикна граѓаните да размислуваат за правилното одлагање на отпадот и за сопствената улога во одржувањето на јавните простори.

Иницијативата се надоврзува на пошироките напори за подобрување на животната средина во Битола. Во Програмата за животна средина на Општината за 2026 година се предвидени 1,5 милиони денари за изработка на стратегија за развој на зеленилото и 3 милиони денари за поставување подземни садови за комунален отпад.

Со вакви креативни јавни акции, граѓаните се поттикнуваат да се вклучат во грижата за заедничкиот простор и да придонесат кон почиста и поуредена градска средина.



„Со заеднички напори, едукација и реализација на планираните мерки, Битола може да стане почист, позелен и поуреден град за сите“, посочуваат од здружението.

Акцијата е реализирана преку швајцарскиот проект „Програма за поддршка на изборите“, што го спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Доброволците од ДПД Свети Николе на терен при шумските пожари

Доброволното противпожарно друштво (ДПД) Свети Николе е пример за тоа како граѓанската иницијатива може да стане дел од системот за заштита и спасување. Осум негови пожарникари, како дел од националниот Модул за тимови за брз одговор на Дирекцијата за заштита и спасување, беа ангажирани на големиот шумски пожар во општина Македонски Брод. Во август тимот четири дена работеше на екстремен терен и активно учествуваше во локализирањето на огнот.



Условите беа тешки, со високи температури, тежок пристап, чад и ветер, и со постојан ризик од ширење на пожарот. Заедно со останатите сили на системот за заштита и спасување, доброволците работеа за заштита на населението, имотите и природните богатства.

„Кога теренот е најтежок, кога деновите се долги, а ризикот е постојан, доброволните пожарникари се таму каде што заедницата најмногу има потреба од нив“, велат од друштвото.

Тимот обезбедуваше логистичка и оперативна поддршка на противпожарните сили. Една од задачите беше помош при полнењето со вода на полицискиот хеликоптер што дејствуваше на тешко пристапен терен. Со цистерна од осум тони вода, воздушното гаснење течеше побрзо и поконтинуирано, а целата интервенција беше поефикасна.

Цистерната е донација од Француската амбасада во Скопје и организацијата „Working Together“ од Марсеј, Франција, а при оваа интервенција повторно ја докажа својата вредност при шумски пожари и пожари на отворен простор.

Интервенцијата ја потврди и важноста на сигурната логистичка поддршка. Ефикасното воздушно гаснење зависи од добро координирани копнени тимови, достапни извори на вода, соодветна опрема и добро организирано снабдување со вода. Од друштвото посочуваат дека искуството од теренот укажува на потребата да се комплетира релејниот систем за снабдување со вода, познат и како каскаден, со дополнителни преносни пумпи. Така би се зголемил капацитетот на тешко пристапните терени.

Ова искуство е дел од работата на друштвото во проектот ENSURE, Еразмус+ проект што ја зајакнува подготвеноста, компетенциите и отпорноста на првите одговорни служби преку иновативна обука базирана на реални сценарија. Во фокусот се подготвеноста за итни состојби, соработката меѓу различните служби, ефикасното користење на ресурсите и координацијата на терен. Така искуствата од вистинските пожари стануваат основа за идната обука.

За ДПД Свети Николе учеството во проектот е можност знаењата стекнати на терен да придонесат за подобро подготвени, покоординирани и поотпорни системи за одговор при итни состојби. „Реалните интервенции создаваат вредни искуства. Тие искуства помагаат да изградиме подобра подготвеност за иднината“, порачуваат од друштвото.

Новиот Кодекс на новинарите: зајакнување на етиката и довербата во медиумите



Професионалното и одговорното новинарство е важно за информирана јавност и заштита на јавниот интерес. Во таа насока, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 7 јули 2026 година, го промовираа новиот Кодекс на новинарите на Македонија, со кој се осовременуваат етичките стандарди во професијата и се одговара на предизвиците на дигиталното време.

Документот е резултат на повеќефазен консултативен процес во кој учествуваа новинари, уредници, медиумски работници и организации. Подготвен е во рамките на проектот „Јакнење на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Новиот Кодекс ги задржува основните принципи на професијата, како што се точноста, проверката на фактите, независноста и одговорноста кон јавноста, но ги доразработува правилата за известување во современиот медиумски простор. Посебно внимание се посветува на употребата на вештачката интелигенција, проверката на информации од независни извори, транспарентноста при исправки на дигитални содржини и избегнувањето конфликт на интереси. Дополнително, се нагласува потребата од внимателно известување за ранливите категории граѓани, самоубиствата и обидите за самоубиство, како и одговорно користење информации добиени со тајно снимање.

Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски, порача дека основните вредности на новинарството остануваат непроменети, но дека е неопходно да се приспособи начинот на нивна примена. Технологијата може да биде корисна алатка, но не смее да ја замени професионалната проценка и етичката одговорност на новинарите.

Од МИМ посочија дека следниот предизвик е доследната примена на стандардите, за што е потребна посветеност и од новинарската заедница и од граѓаните, преку препознавање и користење на механизмите за медиумска саморегулација.

Директорот на МЦМС, Александар Кржаловски, го оцени процесот како-пример за саморегулација и соработка во граѓанскиот и медиумскиот сектор. Иницијативата покажува дека медиумските организации можат самостојно да развиваат стандарди и да придонесуваат за поголема одговорност и доверба во медиумите.

Со осовременувањето на Кодексот се поставува основа за поодговорно новинарство во услови на брзи технолошки промени, дезинформации и нови начини на создавање и ширење содржини. Неговото значење, сепак, ќе зависи од доследната примена на принципите во секојдневната новинарска практика и од свесноста на јавноста за важноста на етичкото известување.

Новиот Кодекс на новинарите на Македонија е достапен на веб-страниците на **ЗНМ** и **МИМ**.

Обликување на дигиталната ера на лабораториите

Центарот за управување со знаење (ЦУЗ) организираше настан и отворен форум за размена на дигитални практики во лабораторискиот сектор и во стручното образование и обука (ВЕТ). Средбата се одржа како дел од проектот „Лабораторија на иднината“.

Во духот на зелените цели на проектот, настанот се одржа хибридно. Меѓу 35-те регистрирани учесници имаше лабораториски техничари, менаџери, наставници од стручното образование и претставници на државни институции, а петнаесет од нив се приклучија онлајн. Со тоа, како што велат од ЦУЗ, се избегна патувањето и се намалија емисиите на CO_2, а сите материјали и европски водичи се споделија дигитално, без хартија.

Проф. д-р Ленче Велкоска-Марковска од Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ, со пример од домашната практика, го претстави воведувањето на Лабораториски информациски систем (LIMS), кој ги поврзува аналитичките инструменти со централните бази на податоци. Резултатот е побрза обработка на примероците и значително помалку грешки што настануваат при рачно внесување на податоци.


Потоа ЦУЗ ги пренесе сознанијата од европскиот водич со 70 успешни дигитални практики. Учесниците се запознаа со вештачка интелигенција (AI) што го зачувува институционалното знаење во Германија, со целосно автоматизирани LIMS системи во Франција и со симулатори за заварување на виртуелна и проширена реалност (VR/AR) во Шпанија. Тука беа и IoT сензорите за квалитет на воздухот, кои ја збогатуваат практичната настава во шпанските ВЕТ центри.

Презентациите отворија дискусија, а таа покажа дека лабораториите во земјава се соочуваат со истите предизвици како и европските. Како најголеми пречки се издвоија високите трошоци и ограничените буџети, тешката интеграција на новите софтверски решенија во постојните застарени ИТ системи, како и недостигот на дигитални вештини и отпорот кон промени кај персоналот.

Дел од разговорот се однесуваше на етичките и практичните прашања околу употребата на вештачката интелигенција. Се нагласи значењето на принципот „човекот во процесот“ (Human in the Loop), односно дека AI треба постојано да ја надгледуваат и контролираат стручњаци, а не да се користи без човечки надзор.

Учесниците се согласија дека дигиталната транзиција им носи на лабораториите поголема продуктивност, помалку човечки грешки и подобра безбедност и доверливост на податоците. Најважната порака од форумот е дека успешната дигитализација не значи само набавка на нов софтвер. Тоа е континуиран процес што бара добро планирање, мултидисциплинарни тимови и навремено вклучување на лабораторискиот персонал, за дигиталните решенија да одговараат на реалните работни процеси.

„Лабораторија на иднината“ е проект финансиран од ЕУ преку програмата Еразмус+ (2025-2028), кој развива практични и интерактивни материјали за обука за клучните дигитални алатки, меѓу кои вештачка интелигенција, виртуелна реалност, интернет на нештата, блокчејн, сајбер безбедност и облак технологии. Материјалите се наменети за лабораториски техничари, ученици во стручното образование и нивните обучувачи, а целта е да се забрза дигиталната и зелена транзиција на европските лаборатории.



Граѓаните во Охрид и Струга обединети за попристапен туризам

Проектот AdvenTour II ги собра граѓаните, лицата со попреченост, младите, туристичкиот сектор, институциите и локалните организации на Инфо деновите што се одржаа на 19 август во Струга и на 20 август во Охрид. Околу 80 учесници се запознаа поблиску со проектот и разговараа за тоа како туристичките доживувања во регионот можат да станат попристапни и поинклузивни.

Инфо деновите се одржаа на повеќе локации во двата града, за проектот да стигне до различни групи кои директно или индиректно се поврзани со туризмот, локалниот развој и користењето на туристичките услуги. Меѓу учесниците имаше лица со попреченост и нивни придружници, млади, посетители на Water Festival, претставници и организатори на Охрид трчаТ, претставници на општина Охрид, туристичкиот и извидничкиот сектор, локални организации и други заинтересирани граѓани.

Најголемо внимание добија потребите на лицата со попреченост и лицата со намалена подвижност, како директни корисници на туристичките услуги. Нивното присуство го поврза разговорот за пристапноста со реалните искуства. Се зборуваше за достапноста на туристичките локации и активности, полесното движење, информациите, адаптираната опрема и услугите, но и за промените што во пракса можат да го подобрат туристичкото искуство.

Една од клучните пораки беше дека пристапниот туризам не завршува со физичката инфраструктура. Важни се и јасните и достапни информации, подготвеноста на туристичките работници и услугите што ги земаат предвид различните потреби на посетителите. Затоа AdvenTour II ги комбинира подобрувањето на пристапноста, адаптираната опрема, обуките, менторството, практичното учење и размената на искуства.

Во разговорите се вклучија и претставници на институциите, младинските и граѓанските организации, па темата беше разгледана од повеќе перспективи. Така уште во оваа фаза од проектот се слушнаа различни искуства, потреби и очекувања од активностите што следуваат, а тие се планираат во Охрид, Струга и Нимфео, планинско село во Грција.

Инфо деновите ги проследија и повеќе локални и национални медиуми и интернет портали.мAdvenTour II - „Достапна авантура преку границите“, ги поврзува двете земји во заедничка иницијатива за попристапен, инклузивен и одржлив туризам, со посебен фокус на лицата со попреченост и лицата со намалена подвижност. Го спроведуваат YMCA Thessaloniki, Greek National Tourism Organisation, Општина Охрид, Мрежата за рурален развој на Северна Македонија и Скаут асоцијација „Крсте Јон“ Струга.



Овозможувачка околина

Институционалната поддршка им овозможува на граѓанските организации да планираат долгорочно

Покрај средства за реализација на конкретни проекти, на граѓанските организации им се потребни ресурси за развој на сопствените капацитети, стратешко планирање и долгорочна одржливост. Искуствата на пет организации од културниот сектор покажуваат како институционалната и менторската поддршка придонесуваат кон нивното зајакнување, како и кон посилно и поодржливо граѓанско општество.

Работата на граѓанските организации не завршува со реализацијата на еден проект или активност. За да можат континуирано да одговараат на потребите на заедниците и да развиваат нови иницијативи, потребни им се стабилни организациски структури, функционални тимови и можност долгорочно да ја планираат својата работа. Сепак, проектното финансирање често остава малку простор за вложување во овие основи.

Затоа институционалната поддршка е важна. Таа им овозможува на организациите да инвестираат во сопствениот развој, да ги унапредат внатрешните системи и да создадат услови за долгорочна работа. Ваквиот пристап е во основата на Програмата за институционални грантови што ја спроведува Хартефакт преку проектот „Култура за развој“ на Владата на Швајцарија.

За „ЛОКОМОТИВА – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата“, поддршката значи зајакнување на организациската структура, развој на внатрешни процедури, појасно дефинирање на улогите во тимот и постратешки пристап кон комуникацијата и прибирањето средства. Здружението за уметност и наука „Факултет за работи што не се учат“ (ФРУ) доби можност да подготви стратешки планови, интерни процедури и документи за управување, како и да воспостави појасна организациска структура.

Центарот за современи уметности – Скопје, ја искористи поддршката за унапредување на управувањето, развој на пристапите за обезбедување финансиски средства и работа со публика. Овие промени се важни за организациите да можат подобро да ги планираат своите активности и да ја одржат работата и по завршувањето на финансиската поддршка. Тиииит!Инк. – здружение за промоција на женската активност“ инвестира во нови начини на работа со публиката, создавајќи услови за феминистичка култура, младинско учество и активно вклучување на заедницата.

Контрапункт, пак, вложи во области што ретко се опфатени со проектните грантови, како зајакнување на финансиските и административните системи, развој на вработените, продлабочување на регионалните и меѓународните партнерства и застапување за подемократски културни политики. Организацијата доби можност да планира и да развива иницијативи според сопствените приоритети.



Покрај ресурсите за секојдневната програмска и институционална работа, важен дел од поддршката е и менторството. Како дел од Програмата за институционални грантови, со поддршка од Хелветас, Програмата за менторска поддршка поврза шест експерти со пет локални културни организации: Центарот за современи уметности, ЛОКОМОТИВА, Тиииит!Инк., Контрапункт и ФРУ.

Од април до август 2026 година, преку индивидуални консултации, размена на искуства и практична поддршка, менторите работеа со организациите. Процесот, приспособен на потребите на секоја организација, опфати финансиска одржливост, стратешко и организациско планирање, унапредување на внатрешните процеси и развој на практични алатки за работа.

Посилните внатрешни капацитети им овозможуваат на организациите да развиваат и подолгорочни односи со заедниците. ФРУ, на пример, започна да развива нови протоколи за управување со своето кино, со цел да ја унапреди соработката со локалната заедница и пошироките културен сектор. Контрапункт се насочи кон градење долгорочни односи со уметници, истражувачи, активисти и публика, наместо организирање само поединечни настани.

Овие искуства покажуваат дека овозможувачката околина за граѓанските организации подразбира повеќе од достапни средства за реализација на проекти. Потребни се и институционални ресурси, стручна поддршка и можности за организациски развој. Кога организациите имаат услови да инвестираат во сопствените капацитети, тие стануваат постабилни и подобро подготвени да одговорат на потребите на заедниците и да придонесуваат кон развојот на граѓанското општество.

Поедноставни процедури за повеќе донации во јавниот интерес

Поедноставни административни процедури, појасни даночни олеснувања и дигитализирани постапки се дел од предложените промени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, со кои треба да се олесни поддршката за активности од јавен интерес.

Потребата од законски измени беше во фокусот на јавната расправа што ја организираа Конект и Младинската асоцијација ИМКА Битола, со поддршка на Цивика мобилитас. На дискусијата учествуваа 65 претставници на институциите, граѓанските организации и деловниот сектор, кои разговараа за практичната примена на Законот и можностите за подобрување на условите за донирање.

Иако донациите се важен начин за поддршка на иницијативи од јавен интерес, сложените постапки и административните пречки го отежнуваат процесот и за донаторите и за организациите што ги користат средствата. Затоа, предложените измени се насочени кон создавање попредвидлив и потранспарентен систем, во кој граѓаните и компаниите полесно ќе можат да донираат, а организациите поефикасно да обезбедуваат средства за своите активности.

„Повеќе од петнаесет години се зборува за потребата од промени. Денес веќе знаеме што треба да се подобри. Ако граѓанин или компанија сака да донира за јавен интерес, постапката треба да биде јасна, едноставна и предвидлива. Поедноставувањето не значи помала контрола – значи подобар систем, со помалку непотребна администрација и поголема транспарентност“, истакна Никица Кусиникова, извршна директорка на Конект и претседателка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Важен дел од дискусијата беше и дигитализацијата на постапките. Претставници на Управата за јавни приходи ги презентираа функционалностите на системот за е-фактура и можностите за негово користење за побрзи и потранспарентни административни процеси.

Унапредувањето на законската рамка треба да придонесе кон средина во која донирањето е поедноставно, а поддршката за иницијативи од јавен интерес полесно достапна. Следниот чекор е предложените решенија да продолжат низ законската постапка и да се преточат во конкретни промени.

Настанот беше организиран преку проектот „Промени за одржливост“, што го спроведува Конект во партнерство со Младинската асоцијација ИМКА Битола, со поддршка на Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.



Граѓанските организации вклучени во следење на реформите



Преку Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, претставници на граѓанските организации се вклучија во работата на Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, со што можат да го следат спроведувањето на Реформската агенда 2024–2027. Комитетот е тело формирано согласно Спогодбата меѓу Европската комисија и Северна Македонија за спроведување на финансиската помош од Европската Унија во рамките на Планот за раст.

На седницата одржана на 2 октомври 2026 година, Советот ги разгледа пријавите пристигнати по Јавниот повик за избор на претставници на граѓански организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст (објавен на 17 август.2026 год. на nvosorabotka.gov.mk) и одлучи да ги номинира следните претставници: Марија Башеска, Здружение на граѓани Финанце Тхинк – Институт за економски истражувања и политики Скопје (област: Управување со јавни финансии); Ѓорѓи Хаџи Василев, Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (област: Реформа на јавната администрација); Кире Милевски, Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (област: Енергетска транзиција); Емилиа Ѓероска, Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал-Битола (област: Човечки капитал); Санела Шкријељ, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје (област: Човечки капитал); Никица Кусиникова, Здружение Конект Скопје (област: Развој на приватниот сектор/развој на бизнисот); Симонида Кацарска, Институт за европска политика Скопје, Снежана Камиловска Трповска, Македонски центар за меѓународна соработка Скопје (МЦМС) и Дарко Аврамовски, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје (област: Основи и владеење на правото).

За пополнување на преостанатите места предвидени за претставници на граѓански организации во Комитетот, Советот повторно објави Јавен повик за номинирање на 7 претставници и тоа по еден претставник во областите: управување со јавни финансии, реформа на јавната администрација и енергетска транзиција, а два претставници во областите: дигитализација и развој на приватниот сектор/развој на бизнисот.

Вклучувањето на граѓанските организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст не е само административна формалност, туку суштински предуслов за успехот на евроинтеграцискиот процес на Северна Македонија. Со својата долгогодишна експертиза во различни области граѓанскиот сектор претставува клучен мост помеѓу креаторите на политиките и реалните потреби на луѓето. Нивното присуство во овој механизам е гаранција дека реформите нема да останат само добро нацртани планови на хартија, туку ќе донесат конкретни и видливи промени на терен. Како независен коректив на власта, граѓанските организации се будно око над трошењето на европските фондови, внесувајќи ја неопходната транспарентност и отчетност во целиот процес. На крајот, Планот за раст на ЕУ не смее да се менаџира зад затворени врати бидејќи тој му припаѓа на целото општество. Преку активното и рамноправно учество на граѓанското општество се обезбедува вистински демократски легитимитет, осигурувајќи дека патот кон Европската Унија се трасира одговорно, праведно и во интерес на сите граѓани.



10 години „Гласен текстилец“



„Гласен текстилец“ годинава одбележува десет години постоење. Иницијативата започнува во 2016 година, како одговор на секојдневните проблеми на текстилните работнички, а денес организацијата е препознатлива како дел од граѓанското и работничкото движење во Северна Македонија.

Тогаш проблемите беа очигледни насекаде. Ниските плати, прекувремената и неплатената работа и лошите услови за работа беа секојдневие, а работниците често не знаеја кои права им следуваат и каде можат да побараат помош.

Во 2017 година се формира здружение на текстилни работнички и активисти за човекови права. Работата не остана само во текстилниот сектор, па со времето ѝ се придружија и работниците од кожарската и чевларската индустрија, а потоа и од поширокиот приватен сектор.

Правната помош е она по што „Гласен текстилец“ е најпрепознатлив. Според организацијата, веќе во 2021 година, по три години од основањето, имаа 250 случаи пред суд, а сите постапки што дотогаш беа завршени се решени во корист на работниците. За време на пандемијата со КОВИД-19, кога текстилниот сектор беше погоден од отпуштања и раскинати договори, поддршка добија повеќе од 12.000 работници. Во една година, до мај 2024 бесплатна правна помош добија 5.369 работници.

Денес зад организацијата стојат повеќе од 400 судски постапки за неисплатена прекувремена работа, работа за време на празници и недели и други повреди на работничките права.

„За мене, овие бројки никогаш не биле само статистика. Зад секој предмет стои човек. Работничка која со месеци чекала да биде исплатено она што го заработила. Работник кој не знаел кому да се обрати. Семејство кое зависело од една плата“, вели претседателката на „Гласен текстилец“, Кристина Ампева.

Од поединечните случаи израсна и поширокаата борба за промени во политиките. Организацијата беше меѓу најгласните кои бараа недела да биде ден за одмор, што подоцна влезе во националното законодавство. Работничките прашања ги носи и во дебатите за минималната плата, безбедноста и здравјето при работа, мобингот и дискриминацијата.


Како пример за важноста на истрајноста, од организацијата издвојуваат две судски одлуки. Во 2023 година судот во Штип донесе пресуда за намерно предизвикување стечај во текстилниот сектор. Една година подоцна, Апелациониот суд ја укина пресудата со која беше одбиено барањето за неисплатени плати на 69 поранешни текстилни работнички од Кавадарци и со која тие беа задолжени да платат околу 20.000 евра судски трошоци. Предметот е вратен на повторно одлучување.

„Таквите моменти нè потсетуваат зошто е важно работниците да имаат некој што ќе стои со нив и кога постапките се долги, тешки и неизвесни“, додава Ампева.

Посебно место во десетгодишниот пат има Текстилијада, културно-активистички настан што првпат се одржа во Штип на 15 и 16 декември 2017 година.

„Гласен текстилец“ со годините израсна во заедница на луѓе кои веруваат во правдата, еднаквоста и достоинствената работа. Таквиот пат, истакнуваат, не би бил возможен без поддршката на донатори и партнери, меѓу кои Меѓународниот центар Олоф Палме, The Kvinna till Kvinna Foundation, Реактор Истражување во акција, Косовската мрежа на жени, SMART Balkans, The European Endowment for Democracy (EED), Фондацијата Отворено општество Македонија, Хелсиншкиот комитет за човекови права и UN Women, општина Штип, Цивика мобилитас и Швајцарија.

„Пред десет години сè започна од потребата да се слушне гласот на текстилните работнички. Денес таа борба е поширока, но суштината останува иста“, вели Ампева. Тоа значи секој работник да ги знае своите права, да може да ги користи и да има начин ефективно да ги заштити кога ќе бидат прекршени. „И токму затоа продолжуваме.



ВЕСТИ

ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

Цивика мобилитас и ПРАГГ разменија искуства и знаење од спроведувањето на програмите за поддршка на граѓанското општество



Тимот на Цивика мобилитас се сретна со колегите од швајцарската програма „Проактивни граѓани и граѓанки“ (ПРАГГ) во Босна и Херцеговина од 15 д 19 јуни 2026 година во Сараево. Размената на искуства во поддршката на граѓанското општество во двете земји беше во фокусот на дискусиите. Посетата беше одлична можност да се споделат клучните резултати, предизвиците и научените лекции од работењето.

Александар Кржаловски, лидерот на тимот на Цивика мобилитас, се осврна на резултатите од програмата во периодот 2008-2026. Како доминантно грантовска програма, тој истакна дека се доделени и спроведени 492 гранта за 395 организации на граѓанското општество. Осврнувајќи се на периодот во кој МЦМС ја спроведува програмата, тој истакна дека првата фаза (2014-2018) била повеќе фокусирана на зајакнување на капацитетите на ГО, втората фаза ((2019-2022) била насочена кон подобрување на околината за граѓанското општество, а актуелнава (2023-2026) на зголемување на граѓанскиот ангажман и јавната доверба во ГО.

Чила Шчалберт (Csilla Schalbert), меѓународната лидерка на тимот потоа ја претстави програмата ПРАГГ, која е активна од 2021 до 2027 година. Фокусот е на граѓаните особено социјално исклучените групи за кои се очекува да учествуваат поактивно во јавните работи, во влијанието врз креирањето политики и придонесот кон демократските реформи и општествените промени во Босна и Херцеговина преку нивниот ангажман во ГО.

Во дискусиите што се отворија по воведните презентации, Ања Дидовиќ од КУЛТ зборуваше за паралелниот процес на градење организациски капацитети кај грантистите додека тие ги спроведуваат своите проекти, со цел организациите да останат одржливи и по завршувањето на поддршката. Една од темите се однесуваше соработката со медиумите. Николина Вилов Махмутовиќ од ПРАГГ истакна дека темите со кои работат граѓанските организации не секогаш се атрактивни за медиумите. Гонце Јаковлеска го сподели искуството на Цивика мобилитас која ги користи сопствените и комуникациските канали и ресурси на МЦМС за да им помогне на грантистите со нивната видливост, додека дел од нив веќе самостојно градат одржлива соработка со медиумите.

Двата тима ги презентираа резултатите од анализата ПЕПА (Political Economy and Policy Analysis). Петруш Тоинес, меѓународен експерт на Цивика мобилитас, нагласи дека PEPA не треба да се гледа како еднократен извештај туку како процес и начин на размислување, кој опфаќа повеќефазна анализа на ризици, чинители и контекст. Иновативниот елемент на анализата на Цивика мобилитас, користењето на дигитални и ВИ алатки ги презентираше Борис Ристовски. Љупка Симоноска Шулц зборуваше за примената на ПЕПА во ПРАГГ, вклучувајќи ја употребата на методологијата power grid за мапирање на чинителите, алатка чии корени потекнуваат од Хелветас (Helvetas), а која им овозможува подетална слика од класичниот четири-квадрантен модел.

За овозможувачката средина и државно финансирање на граѓанските организации во Македонија зборуваше Александра Савевска. Таа се осврна на одредбата во Стратегијата за соработка со граѓанското општество (2025-2028) според која државното финансирање треба да достигне 30 милиони евра до 2028 година. Презентирајќи ги флуктуациите во државното финансира за ГО таа истакна дека е доста нестабилно. Дискусијата ги опфати и слабостите на моделот, нејасната класификација преку која се следи финансирањето, недоволните износи во однос на потребите на секторот и отсуството на повеќегодишна институционална поддршка.

Прочитајте ја целата вест.

Младите го тестираат протоколот за управување со кризи произлезен од трагедијата во Кочани

На 16 март 2025 година, во ноќниот клуб „Пулс“ во Кочани, пожар предизвикан од пиротехнички средства за неколку минути ја зафати целата просторија и одзеде шеесет и три животи, оставајќи повеќе од сто повредени. Ова е најболната и најтешка трагедија што и се случила на Македонија. Токму таа трагедија во која се покажа дека на институциите им треба повеќе време за да реагираат, заедницата мора да биде побрза, беше мотивација за проектот „Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“, што го спроведуваат „Младите можат“ од Скопје и Супортко Кочани, со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Еден од првите конкретни чекори беше симулацијата на кризна состојба, во која учествуваа дваесетина млади луѓе.

Симулацијата е тест-фаза на првиот национален протокол за младинско управување со кризи во Северна Македонија. Целта е, овој протокол да ги дефинира улогите на младинските центри, граѓанските организации и општините во фазите на превенција, реакција и психосоцијална поддршка. На тој начин, младите првпат формално ќе бидат препознаени како чинители во системот за цивилна заштита и општествена отпорност. Наместо институциите и граѓанскиот сектор да делуваат секои за себе, како што се случи за време и по трагедијата во Кочани, идејата е да се воспостави траен, координиран модел во кој младинските центри ќе бидат интегрирани во општинските планови за реагирање при кризи, а Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центарот за управување со кризи ќе имаат редовна комуникација со мрежата на младински центри. Затоа протоколот прво беше тестиран во контролирани услови, преку игра во која учесниците ги играат улогите на реалните актери пред да се продложи со следните чекори до официјалното усвојување и примена во вистинска криза.

Пред самата симулација, **истражувањето на моменталната состојба со младинските центри и граѓанскиот сектор** откри низа значајни предизвици. Претставниците од „Младите можат“, според добиените податоците велат дека „повеќе од половина од младите изјавиле дека кризите негативно влијаат врз нивното ментално здравје и социјалниот живот. Во таа смисла, психолошката поддршка се издвои како нивна најголема потреба, а беше евидентна и ниската доверба на родителите во институциите“. Супортко Кочани го гледа истиот проблем од друг агол. За нив, најголемиот забележан предизвик е тоа што младинските организации имаат огромна желба да помогнат во криза, но им недостасуваат јасни насоки како да се координираат со институциите, што често доведува до самоиницијативно, а со тоа и ризично дејствување, додека институциите пак се мачат да дојдат до навремени и точни информации од терен.

Овие наоди директно ја обликуваа работата на експертската група при подготовката на нацрт-протоколот. Сара Николовска од „Младите можат“ посочува дека „посебно внимание беше посветено на улогата на младинските центри како безбедни простори за поддршка, на јасната распределба на улогите и одговорностите меѓу институциите, како и на механизмите за психосоцијална поддршка и вклучување на младите“. За Супортко Кочани, овие наоди значеа целосна промена во пристапот кон изработката на документот. „Тоа нè натера да не правиме само уште еден сув теоретски документ, туку практична рамка. Го направивме прирачникот со јасно поделени улоги: точно се знае кој координира, кој проверува информации и каде е границата меѓу хуманитарната помош и професионалните спасувачки служби“, објаснува Клаудија Николова од Супортко Кочани.

Симулацијата беше осмислена како интерактивна друштвена игра во која секој учесник доби улога што одговара на реален актер од протоколот – претставник на општина, на Центарот за управување со кризи, на младинскиот центар, психолог и други релевантни чинители. Преку различни сценарија и предизвици, учесниците требаше да донесуваат одлуки, да комуницираат меѓусебно и да постапуваат според чекорите предложени во протоколот, велат од Младите можат. Супортко Кочани дополнително ја надгради играта со стрес-тест карти и реални сценарија, со поплавени улици, прекинати врски, паника на социјалните мрежи. Целта, како што посочуваат спроведувачите на проектот, беше преку игра да се види како учесниците ќе се снајдат со самиот прирачник во пракса и како ќе го поднесат притисокот од брзо носење одлуки,

Прочитајте ја целата сторија.



Од идеја до мрежа од 134 организации: кога солидарноста станува сила за промени



Пред осум години, Здружението Конект препозна нешто што можеби малкумина сакаа гласно да го кажат, а тоа е дека финансиската одржливост не е предизвик на една организација, туку заедничко прашање на целиот граѓански сектор. Од таа идеја произлезе иницијативата да се обединат дваесетина граѓански организации околу заедничко застапување за измена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Она што започна како мала група посветена на решавање на конкретен проблем, денес е Мрежа за финансиска одржливост на граѓанските организации која обединува 134 членки од целата земја.

Низ годините, Мрежата покажа дека кога организациите настапуваат солидарно, нивниот глас е погласен, аргументите се посилни, а решенијата поизводливи. Во неа денес членуваат организации со различна големина, мисија и област на дејствување. Се приклучуваат и нови, помали организации од локалните заедници, кои токму преку Мрежата добиваат можност нивните предизвици да бидат слушнати и земени предвид во процесите на креирање политики.

Зад бројките стојат илјадници активности и стотици илјади граѓани кои секоја година добиваат поддршка преку работата на овие организации. Затоа прашањето за финансиската одржливост на секторот не е прашање само за организациите, туку и на квалитетот на животот во заедниците.

Ова прашање беше во центарот на настанот на Мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации што на 20 август се одржа во хотел „Милениум" во Битола.Околу 40 претставници, членки на Мрежата, претставници на институциите и компаниите, а меѓу нив и клучни луѓе од Управата за јавни приходи, и од скопската, и од битолската канцеларија, разговараа за предизвиците што го обликуваат сегашниот момент за граѓанскиот сектор.

Од Конект, посочија дека и по објавите на социјалните мрежи за настанот, пристигнале уште неколку нови барања за зачленување. Меѓу темите што предизвикаа најжива дискусија се издвои една особено актуелна. Потребата да се застапува кај странските донатори за поблаги критериуми во услови на „криза". Особено беше истакнато дека повлекувањето на дел од меѓународните донатори и промените во нивните стратегии ја отвораат потребата од итно создавање нови и поодржливи извори на финансирање. Затоа, едноставна е причината зошто прашањето сега добива нова итност. Голем дел од организациите се соочуваат со недостиг на финансии што го прави реален ризикот за нивниот опстанок.

Во вакви околности, многу организации сметаат дека повеќе не може да се одложуваат реформите што со години се најавуваат. Промената на Законот за донации и спонзорства е меѓу најважните приоритети затоа што отвора можности за поголемо вклучување на граѓаните и компаниите во поддршката на јавниот интерес. Денес даночните олеснувања постојат, но до нив често доаѓаат само најупорните, преку сложени административни процедури кои создаваат товар за сите страни во процесот.

Прочитајте ја целата сторија.

Државната поддршка на централно ниво за здруженијата во 2025 г. сконцентрирана во два сектора: социјала и култура

Во 2025 г. приходите на граѓанските организации од централниот буџет изнесувал 732.599.601 денари, или околу 11,9 милиони евра. Од нив, 724.206.126 денари се доделени преку јавен повик, додека 8.393.475 денари се доделени без јавен повик. Државното финансирање на централно ниво учествува со 8% во вкупните приходи на граѓанските организации, за ралика од 2023 г. кога уделот бил 4%. Но иако износот е двојно зголемен од пред две години, сепак е недоволен и средствата остануваат концентрирани кај секторите социјала и култура (82% од вкупните средства на централно ниво).

Гледано по буџетски корисници, убедливо најмногу средства доделило Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), вкупно 463.821.837 денари. Тоа е околу 63% од сите средства доделени од централниот буџет. Второ е Министерството за култура и туризам (МКТ) со 136.747.069 денари. За разлика од претходните години, токму МСПДМ и МКТ

ги имаат зголемено своите средства, во првиот случај скоро четирикратно заради социјалните услуги. Видете повеќе подолу.

Највисокиот грант од централниот буџет во 2025 г. изнесува 34.232.104 денари. Го доделило Министерството за социјална политика, демографија и млади, додека истото министерство го доделило и најнискиот грант, од 5.740 денари. Меѓу највисоките грантови кај другите институции се Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за култура и туризам, види повеќе подолу.

Во ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 г. (Службен весник 174/26), во ставката 463 – трансфери до невладини организации, планирани се 878.088.000 денари, или 14.2 милиони евра. Тоа е повеќе планирано од претходните години, но сепак дури 816.825.000 денари, или 93% од планираните средства, се наменети за МСПДМ. Министерството за култура и туризам, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија и труд иако доделуваат средства за здруженија и фондации овие средства не ги планираат во ставката 463 туку под други ставки, што го отежнува следењето на средствата и оневозможува организациите соодветно да си ги планираат своите програмски активности. Министерството за правда и Министерството за спорт имаат планирано средства, но тие се доделуваат на политички партии, спортски федерации и спортисти и тие не влегуваат во приказот бидејќи политичките партии се исклучени од ЗЗФ додека спортските организации дејноста спорт дополнително ја регулираат со Законот за спорт и следат сосема други начини на финансирање врзано со посебни критериуми за спортски успех и организирање на натревари.

Државно финансирање на општинско ниво

Општините во 2025 г. доделиле вкупно 113.391.994 денари за граѓански организации, или околу 1,8 милиони евра. Најмногу средства се доделени во Југозападниот регион, 21.287.045 денари, и во Југоисточниот регион, 20.815.226 денари. Потоа следат Пелагонискиот регион со 16.626.238 денари, Скопскиот регион со 16.383.132 денари, Вардарскиот регион со 13.991.633 денари и Источниот регион со 10.581.690 денари. Најмалку средства се доделени во Полошкиот регион, 8.606.400 денари, и во Североисточниот регион, 5.100.630 денари.


Меѓу општините предничат Охрид со 14.221.045 денари и Битола со 12.986.800 денари. Тие заедно доделиле речиси една четвртина од сите општински средства за граѓанските организации. Самиот Охрид учествува со две третини во средствата на Југозападниот регион. Високо на листата е и Дојран, една од најмалите општини во државата, со 6.475.966 денари. По него следат Гостивар со 6.327.000, Велес со 5.687.000, Штип со 5.547.190, Гевгелија со 4.494.910 и Струмица со 4.228.200 денари. Во Скопје најмногу доделиле општините Центар (4.100.000 денари), Гази Баба (3.970.000), Аеродром (2.100.000) и Ѓорче Петров (2.019.185).

Сумарно, вкупните приходи од централно и локално ниво на државна поддршка за здруженијата за 2025 г. изнесува 845.991.595 денари или околу 13.7 милиони евра. Средствата кои се доделуваат на локално ниво (општини) учествуваат со минимален удел од 13% во вкупната доделена државна поддршка.

И оваа година како и претходните и покрај зголемувањето, државното финансирање е многу далеку од целта од 30% учество во приходите на граѓанските организации. Високата концентрација на средства кај едно министерство и постоењето на доделување средства без отчетни јавни повици покажуваат дека реформата на државното финансирање е потребна повеќе од кога било. Оваа реформа треба да внесе поголема транспарентност, отчетност и ефикасност во трошењето на јавните пари.

Истовремено, во 2025 г. беше реактивиран долго запрениот процес за измена на Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ). Министерството за правда формираше работна група во која учествуваа граѓанските организации, преку мрежи и платформи и преку Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Во групата учествуваа и претставници на јавните институции и на академската заедница. Нацрт-законот беше објавен на ЕНЕР, каде што беа доставени околу 130 коментари. Предлозите беа насочени кон зајакнување на граѓанското учество, поголема транспарентност на организациите и реформа токму на рамката за финансиска поддршка на организациите со креирање на гарантен фонд. Сепак, конечниот текст на законот сè уште не е објавен, па останува нејасно кои од предлозите на граѓанското општество ќе бидат прифатени и кога ќе се донесе новиот закон.

Прочитајте повеќе информации за државното финансирање.



Технологијата треба да биде право, а не привилегија



Пред неколку години, еден ученик од Центарот за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ учеше и се дружеше со истата леснотија како и неговите соученици од училиште. Потоа, поради генетска предизвикана состојба, полека почна да го губи видот. Талентот остана ист, желбата за учење исто така, но пристапот до знаењето стана многу потежок. Наставниците во училиштето во кое учи немаат доволно знаење за асистивна технологија, а самото училиште нема ниту компјутер прилагоден за неговите потреби.

За да продолжи да учи рамноправно со другите, потребни му се само неколку работи, персонален компјутер, тастатура со зголемени копчиња и електронски прилагодени тестови. Навидум едноставни чекори. Но во неговиот случај, како и во случајот на многу други деца со попреченост, тие не доаѓаат преку училиштето, ниту преку системот. Доаѓаат единствено ако семејството успее само да ги обезбеди или со помош на донатори, без никаква гаранција дека утре ќе продолжи истата поддршка.

Центарот кој работи веќе 21 година, го посетуваат деца и млади со попреченост, најмногу на училишна возраст. Приказната на овој ученик, кој засега сака да остане анонимен, се споделува како пример што ги потврдува системските предизвици откриени со истражувањето што го спроведуваат двете организации.

За прашањата слични на неговото, одговори бараат Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ и ЗЕТА здружение за попреченост и правда од Скопје со проектот „Застапување за дигитална инклузија“ поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Дали случајот на овој ученик е исклучок, или правило во секојдневниот живот на многу деца низ училиштата во Македонија? Проектот е поставен на три нивоа, истражување кое ја покажува состојбата на терен, работилници кои ги зајакнуваат организациите на лица со попреченост да ги застапуваат правата на засегнатите лица, и директна соработка со институциите за прашањето да не остане само на хартија.

Првиот чекор беше истражувањето, спроведено со поддршка од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во него се вклучија речиси две третини од основните и средните училишта во земјата, односно 304, а резултатите покажаа дека проблемот на овој ученик не е исклучок туку правило. Дигиталните алатки наоѓаат примена во училниците, но кога станува збор за асистивната технологија, за оние помали, конкретни помагала кои ја прават разликата помеѓу учество и исклученост, состојбата во голема мера е како на момчето од овој текст.

Што покажуваат резултатите добиени од истражувањето? Прво, помагаат институциите да разберат дека нема прецизни податоци за учениците на кои им е потребна поддршка. Потоа, покажуваат дека недостасуваат обучени наставници кои би работеле со асистивна технологија и трето, дека нема стабилно финансирање, односно сегашното во голема мерка се потпира на проекти и донации. „Токму тие наоди сега стануваат аргумент, основа врз која може да се бара трајно решение, наместо секоја година повторно да се бараат исти привремени поддршки“, објаснуваат од „Отворете ги прозорците“. Според нив, училиштата ги препознаваат принципите на еднаквост и индивидуализирана поддршка, а дигиталните технологии се присутни во наставата но, постои значителен јаз меѓу „опремено училиште“ и „пристапно училиште“.

За верификација на овие наоди, во октомври, ќе се одржат средби во осум градови низ земјата и тоа: Скопје, Прилеп, Македонски Брод, Куманово, Струмица, Тетово, Штип и Кавадарци. На средбите, директорите на средните и основните училишта, родителите, наставниците и самите ученици ќе можат директно да го потврдат или дополнат она што истражувањето веќе го покажа, за наодите, покрај квантитативната, да добијат и квалитативна димензија пред да стигнат до институциите.

Паралелно, се работеше и на тоа самите организации на лица со попреченост да станат посилни во застапувањето за правата на засегнатите лица. Пет работилници, три во Скопје и по една во Струмица и Охрид, собраа 110 учесници, повеќе од половина и самите лица со попреченост. Темите беа избирани во консултација со учесниците, а се зборуваше за културниот идентитет на лицата со попреченост преку уметничка работилница, за насилството врз нив, за пристапот до правда и бесплатната правна помош.

Иако различни, темите покажаа дека дигиталната инклузија има клучна улога во секојдневието на лицата со попреченост, без оглед на областа. Денес дигиталната технологија е главното средство за брзи информации и еднаков пристап до општествени, социјални и административни услуги, па затоа, објаснуваат „Отворете ги прозорците“, дигиталната инклузија е неопходен предуслов за целосно учество и право на независен живот.

Прочитајте ја целата сторија.



Адресар на граѓански организации



Ресурси од граѓански организации



Магазин „Граѓаните за промена“



Вести од граѓански организации



Граѓански стории



Граѓански импулс



Кодекс за граѓански организации



Државно финансирање за граѓански организации



Civica Mobilitas Community



Civica Mobilitas ePlatform

ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска

Уредник: Каролина Ѓурковска

Адреса на редакцијата:
ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје

Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381

Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk

CIVICA MOBILITAS

„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

www.civicamobilitas.mk